МАКЕДОНСКИ
ИНСТИТУТ
ЗА МЕДИУМИ

НОВИНАРСКИ
НАГРАДИ 2023
НИКОЛА
МЛАДЕНОВ

## ИЗВЕШТАЈ НА КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА

## НОВИНАРСКИТЕ НАГРАДИ „НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2023“

Во рамки на заложбите на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) за поддршка на професионалното новинарство, Комисијата за доделување на новинарските награди НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2023, во состав:

- **Верица Јорданова, претседателка на УО на МИМ**
- **Јасна Бачовска Недиќ, професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први“**
- **Герман Филков, претседател на Центарот за граѓански комуникации**
- **Тоше Огњанов, мултимедијален новинар**
- **Билјана Петковска, директорка на МИМ**

## ДОНЕСЕ ОДЛУКА

**Првата награда за Најдобра истражувачка сторија му се доделува на Александар Димитриевски за сторијата „Од фирма за долна облека до надзор над проект од 1,3 милијарди евра со позајмени експерти“, објавена во емисијата „360 степени“.**

Комисијата констатира дека серијалот текстови и видео прилози на авторот Димитриевски открива сериозни нерегуларности во тендерската постапка за избор на надзор врз најголемиот и најскапиот инфраструктурен проект  во историјата на земјава - изградбата на автопатите од страна на конзорциумот Бехтел-Енка.

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

Обелоденувајќи ја намерата за местење на тендерот за надзор, којшто треба да биде единствената контрола врз „тајната“ изградба на коридорите 8 и 10 и трошењето на 1,3 милијарди евра јавни пари, новинарот демонстрира исклучителен новинарски ангажман, темелност и систематичност во анализа и проверка на голем број документи и податоци поврзани со спорниот тендер. Комисијата смета дека е особено важно што сторијата, која е од исклучителен јавен интерес, во најголем дел се темели на истражување врз основа на јавно достапни документи, што пак дополнително ја потенцира смислата на транспарентноста и нејзината улога во разоткривањето несовесно, незаконско и коруптивно однесување на поединци и институции.

Објавувањето на сторијата предизвика бурни реакции во јавноста и придонесе Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција да отвори постапка по допрен глас. Предмет отвори и Државната комисија за спречување на корупцијата, што резултираше со извештај во кој се нотирани редица спорни моменти, а кој неодамна е предаден во Обвинителството за понатамошно постапување.

**Втората награда за Најдобра истражувачка сторија ѝ се доделува на новинарката Ирена Мулачка за серијалот текстови поврзани со случувањата на Клиниката за онкологија, објавени во неделникот „Фокус“.**

Авторката Мулачка, преку серијалот текстови објавува фрапантни податоци за сериозни пропусти и малверзации во лекување на пациентите на Клиниката за онкологија и радиотерапија. Низата стории го стегаат обрачот околу незаконското, неетичко и коруптивно дејствување на дел вработени на Клиниката, што го подигнува општествениот аларм и притисокот врз надлежните институции за преземање порешителни чекори.

Комисијата смета дека новинарката обработува исклучително значајна тема од јавен интерес, особено поради тоа што се однесува на здравството, област којашто граѓаните постојано ја посочуваат како извор на корупција. Сторијата предизвика лавина реакции во јавноста, а јавното обвинителство отвори истрага и осомничи неколку лица.

**Третата награда за Најдобра истражувачка сторија му се доделува на новинарот Мартин Пушевски за серијалот текстови за борбата на граѓаните од Струмичката Котлина против отворање на рудникот „Иловица“, објавени на порталот „Дома“.**

Серијата текстови за „Иловица“ открива како рудникот стигна на чекор до добивање дозволи за работа, наспроти загриженоста и реакциите на граѓаните и на стручната

јавност за штетите што можат да бидат предизвикани врз животната средина во Струмичката Котлина. Демонстрирајќи исклучителен новинарски ангажман, новинарот Пушевски ги пренесува проблемите и загриженоста на граѓаните од овој регион, како и ставовите на инвеститорите, на власта, но и на правници и други стручни лица кои препознаа прекршување на процедурите и злоупотреби на функции за да му се „удоволи“ на инвеститорот, за кого се верува дека е близок со дел од структурите во власта.

Сторијата предизвика големи реакции во јавноста и масовен протест во Струмица што резултираше со повлекување на одлуката на Владата за спојување на концесиите.

**Пофалници за истакнат новинарски ангажман во категоријата Најдобра истражувачка сторија им се доделуваат на:**

- **Мирјана Мирчевска Јовановиќ,** за сторијата за потребата од носење закон за амнестија на осудените и парично казнети социјални случаи во пандемијата, објавена на ТВ Канал 5
- **Славица Филиповска Иванова,** за сторијата „Дивоградби на државна земја во заштита на државата“, објавена во емисијата „360 степени“
- **Јасмина Јакимова,** за сторијата „Измами со земање брзи кредити на туѓ грб“, објавена на веб-страницата „Призма“

**Наградата за Најиновативен новинарски производ му се доделува на тимот новинарки Сашка Цветковска, Елена Митревска Цуцковска, Маја Јовановска и Ивана Настеска од редакцијата на Истражувачката репортерска лабораторија за истражувачкиот документарен филм „Убиство во Тетово“, емитуван на МТВ1 и на веб-страницата на ИРЛ.**

Истражувачкиот документарен филм „Убиство во Тетово“ го редефинира новинарското раскажување и на иновативен начин ги презентира фактите и аргументите што произлегуваат од повеќемесечната истрага на новинарите за причините за една од најголемите несреќи во Македонија, пожарот во модуларната ковид болница во Тетово, во којашто животот го загубија 14 граѓани. Филмот се развива во реално време, дозволувајќи им на гледачите да бидат сведоци на истражувањето додека се случува. Сторијата ги комбинира техниките на истражувачкото новинарство и докажаните пракси

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

на филмската индустрија преку користење на познатата структура на раскажување во пет акти, која вообичаено се користи за фиктивни играни филмови.

Објавувањето на филмот предизвика лавина реакции во јавноста и поттикна голема вклученост на корисниците на различни социјални мрежи преку голем број прегледи, коментари и споделувања на видеото.

**Пофалници за истакнат новинарски ангажман во категоријата Најиновативен новинарски производ им се доделуваат на:**

- **Редакцијата „Види Вака“, за сториите „Непристапност до јавни и културни институции за лица со попреченост“, „Аерозагадувањето во Скопје“ и „Предизвиците со кои се соочуваат жените земјоделки“, објавени на веб-платформата „Види Вака“**
- **Катерина Топалова за сторијата „Што фалеше во Фалише?“, објавена на веб-платформата „Дома“**

**Наградата за Најдобра репортерска фотографија му се доделува на фоторепортерот Томислав Георгиев за фотографијата „Црква“, објавена во интернет изданието на неделникот „Фокус“.**

Фотографијата демонстрира исклучителен естетски израз и има длабоко симболично значење, особено во време кога верските организации честопати, јавно или затскриено, се присутни во речиси сите општествени случувања, неретко наметнувајќи догматски, конзервативен и неретко националистички дискурс во однос на општествените проблеми.

На годинешниот конкурс што беше објавен на 31 јануари и траеше до 26 февруари 2024 пристигнаа:

- 39 стории обработени во 175 текстови/видео прилози во категоријата **Најдобра истражувачка сторија**
- 15 теми обработени во 16 текстови/видео прилози во категоријата **Најиновативен новинарски производ**
- 21 фотографија во категоријата **Најдобра репортерска фотографија**.

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

Комисијата констатира дека изминатата година новинарите посветено и темелно работеле и продуцирале квалитетни истражувања кои откриваат и анализираат теми и прашања од висок јавен интерес, истовремено поттикнувајќи институционална разрешница во случаите каде што се констатирани неправилности и злоупотреби од страна на поединци и институции.

Комисијата го поздравува трендот на зголемена употреба на информациско-комуникациските технологии и примената на нови, креативни начини на новинарско изразување, вклучително и во новинарски приказни од сериозен истражувачки формат и ги охрабрува редакциите да вложуваат повеќе во оваа област.

Комисијата смета дека порталите и весниците недоволно вложуваат во продукција на автентични репортерски фотографии и фотостории и ги охрабрува повеќе да инвестираат во оваа сфера, особено имајќи предвид дека репортерските фотографии можат да ги покријат сите аспекти на општествените случувања и да ја зголемат атрактивноста и видливоста на новинарските продукти, особено во онлајн просторот.

Наградите за најдобра истражувачка сторија МИМ ги доделува традиционално од 2001 година, а од 2013 година, наградата го носи името на угледниот новинар и сопственик на неделникот „Фокус“, Никола Младенов. Во 2021 година беа воведени уште две посебни категории - најиновативен новинарски производ и најдобра репортерска фотографија.

Скопје, 19 март 2024 година

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

**Линкови до наградените новинарски стории:**

| **Најдобра истражувачка сторија - прва награда** |
|---|
| Од фирма за долна облека до надзор над проект од 1,3 милијарди евра со позајмени експерти<br>https://360stepeni.mk/video-vrtoglavi-sumi-za-nadzorot-nad-behtel-i-enka-300-iljadi-evra-po-pregovarach-20-iljadi-evra-mesechno-za-nadzoren-inzhener/<br><br>https://360stepeni.mk/odgovorot-na-elektra-solushns-za-izborot-na-nadzor-nad-behtel-i-enka/<br><br>https://360stepeni.mk/video-intervju-so-direktorot-na-jpdp-ejup-rustemi-za-spornite-elementi-od-dogovorot-za-nadzor-nad-behtel-i-enka/<br><br>https://360stepeni.mk/video-novi-sporni-momenti-vo-nadzorot-nad-behtel-i-enka-falat-kluchni-dokumenti-za-23-eksperti/<br><br>https://360stepeni.mk/video-firmata-so-27-permanentno-vraboteni-inzheneri-vo-nadzorot-nad-behtel-i-enka-ima-samo-dvajtsa-vraboteni-spored-godishnata-smetka-za-2022-g/<br><br>https://360stepeni.mk/video-za-kolku-dena-ja-vadele-litsentsa-drugite-ako-firma-od-nadzorot-nad-behtel-i-enka-zavrshi-rabota-za-4-dena/<br><br>https://360stepeni.mk/video-novinarite-laat-koridorite-si-vrvat/<br><br>https://360stepeni.mk/avtopatite-ke-chinat-nad-2-milijardi-evra-i-ke-se-gradat-10-godini-tvrdi-vrvot-na-vmro-dpmne/<br><br>https://360stepeni.mk/video-obvinitelstvoto-pochnuva-so-raspiti-vo-vrska-so-tenderot-za-nadzor-nad-behtel-i-enka/ |
| **Најдобра истражувачка сторија - втора награда** |
| Скандалот „Онкологија“<br>https://tinyurl.com/yh9ue3am |
| **Најдобра истражувачка сторија - трета награда** |
| Борбата на луѓето од Струмичката котлина против „Иловица“<br>https://doma.edu.mk/pod-lupa/nazif-destani-od-ekolog-vlozhil-milioni-vo-euromaks-za-da-kopa-zlato-vo-strumichko/<br><br>https://doma.edu.mk/pod-lupa/sudot-go-donese-ekolog-na-nazif-destani-na-chekor-od-otvoranje-na-rudnikot-ilovica/<br><br>https://doma.edu.mk/pod-lupa/nazif-destani-od-ekolog-ja-predomisli-vladata-za-rudnikot-ilovica/<br><br>https://doma.edu.mk/pod-lupa/sluchaj-ilovica-moralna-odgovornost-za-ministerska-neodgovornost/<br><br>https://doma.edu.mk/pod-lupa/strumichkata-kotlina-mobilizirana-protiv-rudnikot-ilovica/<br><br>https://doma.edu.mk/pod-lupa/investicijata-na-nazif-destani-vo-euromaks-e-vrzana-so-koncesiite-za-ilovica/<br><br>https://doma.edu.mk/pod-lupa/pravoto-se-tegne-kako-testo-koga-treba-da-se-ugodi-za-ilovica/ |

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

https://doma.edu.mk/pod-lupa/koj-kje-ponese-odgovornost-za-vladinoto-pu-pu-ne-vazhi-za-ilovica/

https://doma.edu.mk/pod-lupa/euromaks-povtorno-tuzhi-za-ilovica-aktivisti-baraat-odgovornost-od-bekteshi/

https://doma.edu.mk/zagaduvanje/makedonija-se-pretvora-vo-rudarsko-el-dorado/

**Најиновативен новинарски производ**

Убиство во Тетово
https://www.youtube.com/watch?v=6EIyQKTyc8Q&t=76s&ab_channel=InvestigativeReportingLab

**Најдобра репортерска фотографија**

Црква
https://fokus.mk/vladikata-petar-gi-razbbbudi-kritikite-kon-tsrkvata/?fbclid=IwAR03GJHkEBetfBT2a-iPqkswoEWkCCRIFm_KA32XFCLUBD8CAtA6soJB91U

**Пофалници за истакнат новинарски ангажман во категоријата Најдобра истражувачка сторија**

Сторијата за потребата од носење на законот за амнестија за осудените и парично казнети социјални случаи
https://kanal5.com.mk/videos/565507/limani-ne-e-edinstveniot-shto-e-vo-zatvor-poradi-prekrshuvanje-na-policiskiot-chas

https://kanal5.com.mk/narodniot-pravobranitel-kje-im-pomogne-na-onie-koi-nesvesno-go-prekrshile-policiskiot-chas/a565820

https://kanal5.com.mk/kanal-5-storija-limani-koj-beshe-osuden-za-prekrshuvanje-policiski-chas-na-sloboda/a568510

https://kanal5.com.mk/majka-na-malo-dete-treba-da-odi-za-zatvor-poradi-prekrshuvanje-na-policiski-chas-vo-pandemijata/a568898

https://kanal5.com.mk/nevladini-so-apel-pratenicite-da-go-donesat-zakonot-za-amnestija-za-kovid-kaznite/a570017

https://kanal5.com.mk/katarina-gjorgjevikj-ja-dobi-prvata-bitka-i-se-odlozhuva-zatvorskata-kazna-za-tri-meseci/a570171

https://kanal5.com.mk/predlog-zakonot-za-amenstija-za-kovid-prekrshitelite-kje-se-nosi-po-skratena-postapka/a571050

https://kanal5.com.mk/donesen-zakonot-za-amnestija-kanal-5-so-serijal-za-potrebata-od-ovoj-zakon/a573752?fbclid=IwAR3jlalAD6UThlFmnE371wRJR1KmNIFZnKmfeZrGT3gASnubqNwvWFn-KfI

https://kanal5.com.mk/zavrshi-golgotata-na-katarina-i-nejziniot-sin-potpishan-ukazot-na-zakonot-za-amnestija/a574255?fbclid=IwAR2I2YZNq_stoMXnzfTUTo8WtOqBLUGFANOhEOshsgYEFhB7rNENDhLSbvA

Дивоградби на државна земја во заштита на државата
https://360stepeni.mk/video-na-povidok-nova-divogradba-vo-kontaktna-zona-na-starata-skopska-charshija/

https://360stepeni.mk/video-kako-napredna-divogradbata-blizu-starata-skopska-charshija/

https://360stepeni.mk/video-nepobedlivi-divogradbi-na-plasticharska-digu-bara-tsentar-da-ja-povtori-postapkata-za-rushene-gerasimovski-ke-gi-tuzhi-na-upraven/

https://360stepeni.mk/video-dodeka-se-traga-po-storitelite-divogradbite-na-plasticharska-dobija-i-struja-na-divo/

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

https://360stepeni.mk/video-koj-stoi-zad-divogradbata-shto-im-go-narushi-mirot-na-penzionerite-vo-chair/

https://360stepeni.mk/video-na-kurto-dudush-mu-nikna-divogradba-i-pred-opshtina-toj-e-ramnodushen/

https://360stepeni.mk/video-direktorot-na-gradezhniot-inspektorat-za-neprijavenite-stanovi-i-kola-anketniot-list-e-moja-obvrska-ama-greshkata-e-kaj-sektorot-za-chovechki-resursi/

https://360stepeni.mk/video-divogradbi-na-plasticharska-ojo-skopje-ima-potentsijalni-osomnicheni-no-prodolzhuva-ping-pongot-megu-institutsiite-za-nivno-rushene/

https://360stepeni.mk/sluchaj-nepobedlivi-divogradbi-na-plasticharska-inspektoratot-veli-deka-opshtinata-go-sabotirala-rusheneto-za-tsentar-toa-se-neseriozni-tvrdena/

Измами со земање брзи кредити на туѓ грб
https://prizma.mk/brzi-krediti-na-tug-grb/

**Пофалници за истакнат новинарски ангажман во категоријата Најиновативен новинарски производ**

Непристапност до јавни и културни институции за лица со попреченост
https://vidivaka.mk/za-okolu-200-000-grag-ani-so-poprechenost-makedoni-a-e-nepristapna-drzhava

Аерозагадувањето во Скопје
https://vidivaka.mk/makedonija-zemja-bez-resenie-za-cist-vozduh/

Предизвиците со кои се соочуваат жените земјоделки
https://vidivaka.mk/kako-e-da-se-bide-zemjodelka/

Што фалеше во Фалише?
https://doma.edu.mk/zagaduvanje/shto-faleshe-vo-falishe/